ПРАВИЛНИК ЗА УСЛУГИТЕ НА ЈУМИС ЛУКСУРИ

Член 1 НАЧИН НА ПЛАКАЊЕ
Кога се склучува договор се плаќа целиот износ или минимум 50% од вредноста на нарачката. Остатокот се доплаќа најдоцна еден ден пред испорака. Без уплатен аванс од мин 50%, нарачката се води како понуда и истата има валидност на важење 3 дена. Од денот на уплатата важи нарачката и договорениот рок на испорака се брои од денот на уплата без разлика на запишаната дата на испорака од понудата. Доколку клиентот сам по своја волја ја одолжува испоракта на нарачката должен е да си го исплати остаткот од договорената вредност на нарачката во договорената дата за испорака од нарачката.

Член 2 ДОСТАВА
Доставата на производите е бесплатна за сите нарачки чија вредност надминува 10000 ден и се во радиус до 20 км.За места над 20 км дополнително се договара за цената на превозот кој зависи од км .на одалеченост како и од вредноста на производите.За нарачките чија вредност е под 10000 ден а за кој купувачите сакаат достава до дома, дополнително со одредува цената на превозот.Истоварот и внесувањето на робата е обврска на купувачот. Начинот и времето на достава се договараат за време на купувањето на производите и купувачот секогаш е известен еден ден пред испораката и еден час пред пристигнувањето на возилото. Нарачки кои не се исплатени во целост пред доставата не се доставуваат.

Член 3 МОНТАЖА
Монтажата на производите е бесплатна и се извршува од страна на стручни лица на ЈУМИС ЛУКСУРИ.За време на монтажата не се дозволуваат сугестии и контрола од трети лица кои можат да го отежнат и пролонгираат текот на монтажата. При монтажа на кујни, монтажерите ги монтираат само елементите од проектот,произведени од ЈУМИС.Не вршат и не смеат да вршат монтажа и приклучок на елементи во електрична и водоводна мрежа. Монтажерите немаат обврска да ги монтираат електричните апарати кои не се купени од ЈУМИС и доколку се изврши нивна монтажа ЈУМИС не дава гаранција за понатамошното нивно работење. Со завршување на монтажата купувачот е должен производот да го провери во присуство на одговорни лица од ЈУМИС. Доколку купувачот има некои забелешки се повикува на член 6. Рекламации.

Член 4 ДИМЕНЗИИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОИЗВОДИТЕ
Купувачите задолжително треба точно да ги проверат димензиите на производот кој го купуваат. Обрвска на купувачот е да ги провере и димензиите на просторот каде треба да се внесе купениот мебел. За информации околу димензиите на производите на располагање се архитектите во продажниот салон. Доколку димензиите на нарачаниот производ по нарачката не одговараат на просторот каде треба да се внесат, ЈУМИС не превзема одговорност и сите настанати дополнителни трошоци се на товар на купувачот. При нарачката на мебел од природни материјали како дрво и фурнир (бука,храст,јасен,орев), ЈУМИС ЛУКСУРИ не прифаќа рекламации во делот на колоритет и структура на истите,затоа што реално во природата не постојат две исти парчиња кои сериски би се повторувале.

Член 5 РОК НА ИСПОРАКА
Рокот на испорака на производите зависи од видот на производот ,односно од тоа дали се нарачува готов производ или се нарачува производ по изработка. Рокот на испорака се договара за време на склучувањето на нарачката и се запишува на самиот документ. Во случај кога се изработува кастинг производ (производ кој се изработува за прв пат по желба на купувачот) за кој е потребно подолго време кое не може со сигурност да се утврди до негово завршување, клиентот е согласен на толеранција задоцнување и ке биде дополнително известен за денот на испорака. Рокот на изработка кој е пишан на денот на склучување на договорот не е конечен доколку не се дефинирани сите детали околу нарачката и не се доставени сите потребни информации и истиот може да претрпи поместување со секоја измена. Максимален рок за чување на купената роба на клиентот во нашите магацини изнесува 30 дена. После овој рок клиентот плаќа надоместок за површината која ја зафаќа робата за искористениот магацински простор и времечувањето на робата во магацинските простори на ЈУМИС ДОО според ценовната политика на друштвото.Исполнувањето на договорните рокови за исорака е со условено со исполнување на договорните обврски на купувачот. Рокот на испорака може да се продолжи во разумнии граници, доколку се случат пречки на кои продавачот неможе да влијае, ниту пак е во можност да ги спречи наспроти тоа што постапува со грижа на добар домаќин, без оглед дали влијаат на продавачот, купувачот или трети лица. Таквите пречки ги вклучуваат епидемии, COVID-19, војни, природни непогоди и виша сила.

Член 6 РЕКЛАМАЦИИ
Купувачот може да пријави рекламација до салонот за мебел по писмен пат со пополнување на формурал за рекламации кој може да го пополни во салонот за мебел или по е-маил да го достави до продажниот салон заедно со гарантнот лист на производот. Од денот на пријавата продавачот е должен најдоцна во рок од 15 дена да изврши увид и даде свое мислење за решавање на пријавениот проблем. Доколку се утврди дека рекламација е оправдана продавачот е должен во рок од 30 дена да ја отклони рекламацијата со поправање на производот.Доколку производителот одлучи дека производот не може да се поправи се заменува со нов во рокот предвиден за рекламации. За време на поправката на производот продавачот не е должен да му надомести друг производ за користење на купувачот. Доколку се утврди дека рекламацијата не е

оправдана продавачот има право да бара надомест од купувачот за поправката. Продавачот е одговорен за робата само во гарантниот рок до 12 месеци. Продавачот не одговара за робата која е подигната со сопствен превоз или извршена монтажа и поправка  од трети лица. Гаранција важи од денот на примена роба. Во гартниот рок под гаранција не подлежаат мебел штофовите, еко кожата и кожата, бидејќи сите имаат различен состав кој бара посебно одржување и Јумис неможе да преземе одговорност за неправилното одржување на истите.
Доколку купувачот пријави рекламација на производи од кожа (природен материјал) набрчкување,попуштање,омекнување или сл.на кожата се смета за неоснована и неоправдана, и Јумис не прифаќа рекламации околу структурата на истата. Удобноста на производот се презентира во продажните салони и не се прифаќаат рекламациите во однос на тврдо или меко седење.

Член 7
Во случај на спор надлежен суд е Основниот суд во Кочани

Купувачот е запознаен и согласен на членовите од ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛУГИ  на ЈУМИС ЛУКСУРИ